Јавно претпријатие
Ndërmarrja publike
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
PARQE DHE GJELBËRIME
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Број/Numër: 04-1560/1
Дата/Data: 16-09-2020

# ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Паркови и зеленило**
**бр. 04-1420/1 од 21.08.2020 година**

Скопје,Септември 2020 година

Врз основа на член 17 од Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на РСМ " бр. 27/14 и 14/20), член 22 од Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите во јавниот сектор (СВ 11/2015), и член 30 од Статутот на ЈП Паркови и зеленило, Директорот на ЈП Паркови и зеленило Скопје, донесе

ПРАВИЛНИК

за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Паркови и зеленило бр. 04-1420/1 од 21.08.2020 година

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Паркови и зеленило бр. 04-1420/1 од 21.08.2020 година.

Член 2

Во работното место во точка 8.1.2 Реон Градски парк 2 со шифра 135/ КДР0305В01014 со назив Работник со помошни машини, во делот на број на извршители се брише бројот,,15,, и се запишува бројот ,,14,,.

По работното место 001/КДР0102Б01001 - Помошник директор за координативни активности и оператива се додава ново работно место, кои гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 001А/ КДР0305А01006 |
| Звање на работно место | Главен инженер |
| Назив на работно место | Главен инженер |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Шумарство и хортикултура, Растително производство |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Креирање на политики и мерки за планирано и програмирано реализирање на стратешките цели и приоритети на Претпријатието |
| Работни задачи | - Врши работи на надзор, планирање и реализација на Инвестициониот план и развој на претпријатието;<br>- Ја следи реализацијата на проектната документација во Секторите од дејноста и непосредно му укажува на проектантот на разликите меѓу изведбата и документацијата, односно за потребите од нејзиното докомплетирање;<br>- Се грижи за успешно и квалитетно изведување на објектите од заштитните подрачја во Град Скопје<br>- ја координира работата на Секторите;<br>- надледува изготвување на скици и проекти за хортикултурно уредување во Секторите од дејноста<br>- учествува и надледува изготвување на графикони и ситуации на зеленило и регистрација на сите негови промени |
| Одговара пред | Директорот |

**Член 3**

Во глава VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ по членот 22 се додава член 22-а кој гласи:

,,(1)Вработенте во јавното претпријатие кои до денот на влегувањево сила на одредбите од овој правилник биле распоредени на работни места на повисоко ниво, од нивото на кое истите работните места се систематизирани во овој Акт за систематизација, ги задржуваат нивоата од стариот акт на систематизација.

(2)Нивоата на работните места од ставот (1) на овој член ќе се применуваат при нови постапки за пополнување на овие работни места ,,.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Изготвил:Стаменковска И.
Контролирал: Алити Ф.

**ЈП Паркови и зеленило I NP Parqe dhe gjelbërime**
**Директор | Drejtor**

**d-r Ardijan Muça**

Гов.ресурси

Јавно претпријатие
Ndërmarrja publike
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
PARQE DHE GJELBËRIME
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Број/Numër: 02-1583/3
Дата/Data: 21-09-20

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18, 35/19 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), член 17 ст.4 и 5 од Законот за вработените во јавниот сектор и член 26 од Статутот на ЈП Паркови и зеленило Скопје, Управниот одбор на ЈП Паркови и зеленило Скопје, на седницата, одржана на 21.09.2020 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилник за сиситематизација на работните места**
**на ЈП Паркови и зеленило Скопје бр.04-1420/1 од 21.08.2020 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Правилникот за изменување и дополнување на Правилник за сиситематизација на работните места на ЈП Паркови и зеленило Скопје бр.04-1420/1 од 21.08.2020 година, бр.04-1560/1 од 16.09.2020 година.

**Член 2**

Управниот одбор одобрува Правилникот изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работните места на ЈП Паркови и зеленило Скопје бр.04-1420/1 од 21.08.2020 година, бр.04-1560/1 од 16.09.2020 година, да се достави до Министерство за информатичко општество на РСМ, заради добивање писмена согласност.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а овој акт ќе се применува по добиена согласност од надлежното министерство.

**Образложение**

Во согласност со одредбата од член 19 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18, 35/19 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), измени дополнувања се донесуваат во иста потапка како за нов акт, се донесе одлука како во диспозитивот.

УПРАВЕН ОДБОР
ПРЕТСЕДАТЕЛ

**Даниела Николова**

Гов. ресурси

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDERMARRJA PUBLIKE
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - СКОПЈЕ
PARQE DHE GJELBËRIME - SHKUP

| Примено / Pranuar | 23 09 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Njës. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 04- | 1584/2 | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

До: Јавно претпријатие "Паркови и зеленило" Скопје
Скопје

**Архивски бр.** 12/6 - 910/ 17
**Дата:** 23.09.2020

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), Министерството за информатичко општество и администрација дава

**ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ**

на

Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈП " Паркови и зеленило" Скопје, број 04 - 1560/1 од 16.09.2020 година.

***Образложение***

Јавното претпријатие " Паркови и зеленило" Скопје, изготви Правилник за измена и дополнување на постојниот Правилникот за систематизација на работните места, број 04 - 1420/1 од 21.08.2020 година и согласно во основот, наведениот член од Законот за вработените во јавниот сектор, истиот го достави на претходна согласност.

Министерството за информатичко општество и администрација, ја разгледа доставената измена и утврди дека истата е во согласност со постојните акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во ЈП " Паркови и зеленило" Скопје, како и во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/2015, 154/2015,


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

5/2016, 142/2016 и 11/2018), Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15) и Каталогот на работни места во јавниот сектор, составен дел на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР), воспоставен од страна на министерството.

Врз основа на изложеното, а во рамки на законски утврдената надлежност, Министерството за информатичко општество и администрација постапи согласно горе наведеното.

Со почит,

Министер,

Doc. D-r Jeton Shaqiri

Подготвил: Емилија Чупиќ, РО


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk